УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје**

# СООПШТЕНИЕ
## за запишување на студенти на прв циклус студии во ЗИМСКИ семестар во учебната 2025/2026 година

Почитувани студенти,

Пред да дојдете во **Одделението за студентски прашања** на факултетот во долунаведените термини, потребно е: електронски да го **запишете зимскиот семестар** во Iknow-системот, да ги **запишете предметите** од зимскиот семестар согласно со студиската програма и во индексот задолжително да ги земете оценките од положените предмети во зимските семестри.
Прво се запишуваат заостанатите неположени задолжителни и изборни предмети од зимскиот/те семестар/и, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што збирот на бројот на кредитите од запишаните предмети во семестарот **не** смее да изнесува повеќе од 35.

Во Одделението за студентски прашања потребно е да се приложат следните документи:
- Индекс (пополнет со предмети за соодветниот семестар кои треба да соодветствуваат со електронски запишаните предмети)
- Образец за запишување на студенти на прв циклус студии (ВОИ 20) (го има во Студентскиот сервис/книжарница на Филозофскиот факултет)

- **Уплатница за уплатени средства на жиро сметка на Филозофскиот факултет и тоа за:**

✔ за уплатена рата од **100/200 евра** (рата од школарина/партиципација во согласност со склучениот договорот за студирање) во денарска противвредност на жиро-сметка на Филозофски Факултет: Назив на примачот: Буџет на РСМ-Филозофски факултет, Банка на примачот: НБ на РСМ, Сметка: **100000000063095**, Сметка на буџетски корисник: **160010422778818**, Приходна шифра**: 723012**, програма: **41**, (на уплатница ПП 50);

✔ уплатени **2000,оо** ден. за **On-line ресурси за реализација на студиска програма** на жиро-сметка на Филозофски факултет: Назив на примачот: Буџет на РСМ-Филозофски факултет, Банка на примачот: НБ на РСМ, Сметка: **100000000063095**, Сметка на буџетски корисник: **160010422778818**, Приходна шифра: **723013**, програма: **41**, (на уплатница ПП 50); (Надоместокот на оваа точка го поднесуваат и студентите ослободени од плаќање партиципација и кофинансирање, по разни основи)

✔ уплатени **800,оо** ден. за **Набавка на материјални ресурси за реализација на студиска програма** на жиро-сметка на Филозофски факултет: Назив на примачот: Буџет на РСМ-Филозофски факултет, Банка на примачот: НБ на РСМ, Сметка:

**100000000063095**, Сметка на буџетски корисник: **160010422778818**, Приходна шифра: **723013**, програма:**41** (на уплатница ПП 50); (Надоместокот на оваа точка го поднесуваат и студентите ослободени од плаќање партиципација и кофинансирање, по разни основи)

- ✔ **уплатени 150,00 денари за активности на Факултетско собрание на жиро-сметка на Филозофски факултет: Назив на примачот: Буџет на РСМ-Филозофски факултет, Банка на примачот: НБ на РСМ, Сметка: 100000000063095, Сметка на буџетски корисник: 160010422778818, Приходна шифра: 723119, програма:41, повикување на број /задолжување: 723119-1118 (на уплатница ПП 50);**

- <u>**Уплатница за уплатени средства на жиро сметка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и тоа за**</u>:

- ✔ уплатени <u>**750,оо**</u> денари – за **информативни, информатички, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**, со назнака за „**ИКСА на УКИМ Филозофски факултет**“, на жиро сметка **100000000063095**, депонент: НБРСМ, со сметка на буџетски корисник **160010368978818**, приходна шифра **723012**, програма **41**; (уплатница ПП 50) (Надоместокот на оваа точка го поднесуваат и студентите ослободени од плаќање партиципација и кофинансирање, по разни основи)
- ✔ уплатени <u>**100,оо**</u> денари – за **запишување и заверување на семестар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**, со назнака за „**запишување и заверка на семестар“** на УКИМ Филозофски факултет, на жиро сметка **100000000063095**, депонент: НБРСМ, со сметка на буџетски корисник **160010368978818**, приходна шифра **723019**, програма **41**; (уплатница ПП 50) (Надоместокот на оваа точка го поднесуваат и студентите ослободени од плаќање партиципација и кофинансирање, по разни основи)

<u>***Вонредните студенти***</u> покрај овие ги приложуваат и следните документи:
М1/М2 (фотокопија заверена на нотар) или лекарско уверение од Универзитетската поликлиника (доколку се вонредни од здравствени причини)

**Студентите согласно семестарот кој го запишуваат (редовни и вонредни) треба да дојдат во Одделението за студентски прашања по следниот распоред:**

- Трет семестар 15 и 16 септември 2025 г.
- Петти семестар 17, 18 и 19 септември 2025 г.
- Седми семестар 23, 24 и 25 септември 2025 г.
- Деветти...семестар 26,29 и 30 септември 2025 г.

**Промена на изборните предмети може да се направи најдоцна 1.10.2025 година**

<u>***Студентите кои ќе извршат електронско плаќање и запишување на зимскиот семестар потребно е да дојдат во посочените термини.***</u>

Студентите не се обврзани лично да го извршат запишувањето на семестарот. Запишување на семестар после наведениот рок е можно само во исклучителна ситуација, но не подоцна од четири недели од почетокот на семестарот и тоа врз основа на поднесено барање на студентот со приложена документација со која релевантно докажува прифатливи причини за спреченоста

за ненавремено заверување и запишување на семестарот, како и образложение за надокнадување на пропуштените обврски од наставата. Барањето се доставува  до продеканот за настава на одобрување.

Непочитувањето на дадениот рок (период) повлекува финансиски надомест за ненавремена заверка и запишување на семестар согласно со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“.

***За сите дополнителни информации студентите можат да се обратат кај координаторот на студиската програма.***

**Работното време со студентите во периодот од 15.09 до 30.09.2025 година ќе биде од 8,30 до 14,30 часот**. (пауза од 10,00 до 10,30 часот)

**ДЕКАНАТ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**